# ***С О О П Ш Т Е Н И Е***

ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ***ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР*** ВО УЧЕБНАТА ***2022/2023*** година ЗА СИТЕ СТУДЕНТИ НА **ВТОР ЦИКЛУС** СТУДИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

---

Запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2022/2023 година, за сите студенти на втор циклус студии ќе се врши

**ОД 26.09.2022 (понеделник) до 30.09.2022 година (петок)**

**<u>Потребни документи за запишување на нареден семестар:</u>**

- **Пријавен лист за запишување на семестар ;**
- **Уплатница со уплатена партиципација за студирање во износ од 500,00 Евра (во денарска противредност);**
- **Студентите при уписот на наредниот семестар, задолжително доставуваат пријава за изборни предмети во четири примерока (една за студентски прашања заедно со уписот, една за продеканот за наука, една за раководителот на студиската програма и една за кандидатот);**
- **Студентите кој запишуваат последен семестар, доставуваат изјава за избраниот потенцијален ментор. Изјавите се доставуваат во четири примерока (една за студентски прашања заедно со уписот, една за продеканот за наука, една за раководителот на студиската програма и една за кандидатот);**

Надоместокот студентите го плаќаат со цел на дознака: партиципација за студирање на втор циклус студии на ФЗНХ (се пишува и семестарот за кој се врши уплатата), на жиро сметка на Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје **1600104545 788 10**,Банка на примачот: НБРСМ со трезорска сметка **100000000063095**, повикување на број **723012**, програма **41,**начин **1**.

<u>Партиципацијата која ја уплаќаат други лица или фирми, во Цел на дознаката потребно е да наведат за кое лице ја вршат уплатата.</u>

*ОД ДЕКАНАТОТ НА ФЗНХ ВО СОСТАВ НА УКИМ*